Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 461/8
19.9.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-461/1 од 28.05.2025 година поднесена од -----------против-------, за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус-стекнато образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 13.09.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето ------------------- врз основа на личен или општествен статус – стекнато образование, во областа на работата и работните односи, сторена од страна-----------.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка бр. ----------, против ---------), за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус и образование.

Имено, подносителот на претставката наведува дека е ----- со завршено високо образование, магистер по безбедносни науки и дека со решение е распореден на работно место -----. Од 01.10.2024 година истиот со ----- е прераспоредуван секој месец, (вкупно 8 последователни -----) во -----, без работно место и без конкретни работни задачи. Подносителот смета дека е дискриминиран на работното место со оглед дека е прераспореден да врши работни задачи (-----), работа која на шалтерите ја извршуваат лица кои не се -----, немаат високо образование односно се референти со средно образование.

Подносителот со предметната претставка има за цел да укаже на нерегуларности во постапувањето во институцијата, бидејќи задачите кои му се давани изминатите месеци, не се задачи за полициски службеник со неговото звање, чин и 24 годишно искуство во областа.

На 23.06.2025 година од страна на Комисијата испратено е Известување за произнесување по наводи во претставка заведено под архивски бр.------------- до Комисијата пристигна произнесување по наводите од претставката под Рег. Бр. ---------од страна на Министерството.

Во одговорот потенцијалниот дискриминатор се наведува дека работникот ----- ---со решение бр.--------- година е распореден на работно место-----------------, а со ----- се задолжува да извршува ----- задачи во -----------------. Видно од ----- именуваниот задржува платата од работното место на кое со решение е распореден. Истовремено, се наведува дека согласно член ----- од Законот за -----, работник во Министерството е должен да изврши ----- од министерот или од него овластен работник, во врска со извршувањето на ----- на Министерството, освен ако извршувањето на ----- преставува кривично дело. Согласно член ----- став 1 од Законот за -----, министерот или од него овластен работник може да издаде ----- со која на работникот му ----- да врши задачи во друга организациска единица различна од организациската единица во која работи работникот. Со оглед

на наведеното сметаат дека ----- е издадена согласно закон, а од причина што во наведената организациона единица има недостаток од човечки ресурси за извршување на работните задачи.

Врз основа на наводите во претставката, одговорот по истата, Комисијата ја констатира следната фактичка состојба: подносителот на претставката-----, со решение бр.----- е распореден на работно место-------------------. Со ----- на министерот--------------------, ----- бр. -------------- година, -----, -----година, ----- бр. -----, ----- бр. ------------и ----- година се задолжува да извршува ----- задачи во Одделение за ----- во Сектор за -----.

Согласно член ----- став 1 од Законот за -----, министерот или од него овластен раководен работник може да издаде ----- со која на работник му ----- да врши задачи во друга организациска единица различна од организациската единица во која работникот работи. Согласно ставот 2 на овој член ----- се издава за извршување на ----- задачи чиј обем, сложеност и времетраење ги надминува расположивите ресурси на одредена организациска единица, **при што задачите кои треба да ги изврши работникот не треба да се разликуваат од задачите на работникот од работното место на кое работи.** Согласно став 4 на овој член извршувањето на задачите од ставот (2) на овој член, за кои е издадена -----, може да трае **најмногу до 30 дена.** Во член ----- од истиот закон се утврдени условите за распоредување на работник при што во алинеја 5 од овој член е утврдено дека на **работното место на кое работникот се распоредува, се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место од кое работникот се распоредува.** Во Колективниот договор на Министерство -----, во член ----- алинеја 5 е уредено дека работникот се распоредува на работно место на кое **се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место од кое работникот се распоредува.**

Во конкретниот случај видно е дека ----------------- е со завршено високо образование, магистер по безбедносни науки, со решение распореден на работно место -------------------------- е задолжен да извршува итни, недолжни и специфични задачи во--------------------, спротивно на Законот за -----.

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај од страна на ------------, врз лицето -------------- е сторена директна дискриминација врз основа на личен или општествен статус – стекнато образование, во областа на работата и работните односи. Наведеното со обележја на акт на дискриминација согласно член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*, а во врска со член 5 од истиот закон согласно кој *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните

**ПРЕПОРАКИ**

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ----------------да го распореди лицето -----------на---------------------, во рок од 60 дена од денот на приемот на ова мислење.

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството ------------- во иднина при донесување на ----- за извршување на ----- задачи во одредена организациска единица, да се води од одредбите на Законот за -----, членот ----- став 2, односно задачите кои треба да ги изврши работникот не треба да се разликуваат од задачите на работникот од работното место на кое работи и член -----, каде се утврдени условите за распоредување на работник, при што во алинеја 5 од овој член е утврдено дека на работното место на кое работникот се распоредува, се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место од кое работникот се распоредува.

3. Министерството --------------треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Известител – член на КСЗД, Душан Томшиќ.

**Комисија за спречување и**
**заштита од дискриминација**

**Претседател**
**Лимко Бејзаровски**

Доставено до:
-----,
-----, Скопје
-Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk